# ЧПП (Често поставувани прашања) ЗА ПРОЦЕСОТ НА ТРАНЗИЦИЈА КАЈ ТРАНСРОДОВИТЕ ЛИЦА

## 1. Што е трансродовост?

**Полот** е збир од телесни и генитални полови карактеристики, како и секундарни полови карактеристики. Полот се впишува при раѓањето како биолошка одредница според видливата анатомија.

**Родот** е социолошка и културолошка манифестација на идентитет воспоставен од општествената идеја за поимање на што значи тоа да се биде маж, жена, ниту едно или мешавина од двете.

**Родовиот идентитет** е манифестација на сопствениот род преку внатрешното чувство за себе или со други зборови лична родова идентификација. Родовиот идентитет не е видлив за останатите.

**Родово изразување** е начинот на кој луѓето го изразуваат родовиот идентитет преку името, заменките, облеката, однесувањето но и останатите родови карактеристики.

Родот може, но и не мора секогаш да се совпаѓа со биолошкиот пол и постои независно од полот. Кога полот и родот се совпаѓаат, станува збор за цисродовост и се работи за цисродово лице, а доколку на било кој начин родот и полот не се совпаѓаат станува збор за трансродовост и се работи за трансродово лице.

**Трансродовоста** е сеопфатен термин и претставува идентитет на трансродово лице чиј род не се совпаѓа со полот впишан при раѓање, како и на оние лица кои родово се изразуваат или сакаат да се изразуваат на начин различен од полот впишан при раѓање. Трансродови лица кои имаат потреба и ќе донесат одлука да ги усогласат своите надворешни и/или внатрешни родови карактеристики и своето родово изразување со својот внатрешен родов идентитет поминуваат низ процес на транзиција.



## 2. Што претставува процесот на транзиција кај трансродовите лица?

**Транзиција** е процес преку кој трансродовите лица ги усогласуваат внатрешните и надворешните родови карактеристики со своето родово изразување. Транзицијата им помага на трансродовите лица да го изразат својот родов идентитет до степен до кој самите ќе одлучат. При тоа, транзицијата може да биде преку процес на медицинско потврдување на родот, преку правно признавање на родот, социјална транзиција или преку комбинација од повеќе чекори, кои варираат од лице до лице и не сите трансродови лица одлучуваат да ги преземат сите чекори. Транзицијата како процес е долг и комплексен, но и исклучиво

субјективен, затоа што, пред сè, се заснова на личните потреби, очекувања и перцепција за себеси.

## 2.1 Медицинско потврдување на родот

**Медицинско потврдување на родот** претставува усогласување на внатрешните и надворешните родови карактеристики со сопствениот родов идентитет со помош на хормонска терапија и хируршки интервенции. При тоа овој процес на транзиција може да вклучува психо-социјална поддршка, хормонска терапија, хируршки зафати (операции) или комбинација од повеќе медицински интервенции и третмани. Преку овој процес најчесто трансродовите лица ги менуваат телесните карактеристики согласно својот родов идентитет.

## 2.2 Правно признавање на родот

**Правно признавање на родот** претставува процес во кој трансродовите лица официјално ги менуваат личните податоци кои упатуваат на родова одредница во своите лични документи. При тоа овој процес може да вклучува повеќе правни постапки како промена на името и презимето, промена на ознаката за пол или матичниот број во документите за лична идентификација. Согласно сегашните закони во Република Северна Македонија може да се промени името и презимето, но бидејќи сè уште нема законска рамка за правно признавање на родот, не постои можност да се промени ознаката за пол или матичниот број.



## 3. Социјална транзиција

Дел од чекорите кои можете да ги преземете во процесот на транзиција се однесуваат на процеси поврзани со околината во која живеете, работите и се изразувате. Овие чекори може да вклучуваат споделување со семејството, пријателите и колегите, користењето на избраното име и обраќање со соодветниот род, како и промените на името и/или ознаките за пол во документите за лична идентификација преку процесите за правно признавање на родот.

## 4. Медицинско потврдување на родот

На секое трансродово лице што сака да отпочне со **процес за транзиција со медицинско потврдување на родот** му е потребен медицински тим (составен од матичен лекар, психијатар/психолог, интернист и специјалист како гинеколог и ендокринолог). Овој тим треба да биде сензибилизиран за работа со трансродови лица, но и запознаен со клучните потреби и проблеми со кои се соочува трансродовата заедница. При тоа медицинскиот тим е тој кој што ја надгледува транзицијата водејќи се од професионалните начела и индивидуалните потреби на трансродовото лице. Вие заедно со медицинскиот тим ги одредувате најсоодветните чекори за транзиција.

### 4.1 Психо-терапевтско советување и поддршка

Психотерапија е третман заснован на разговор помеѓу психотерапевтот и клиентите, кој има цел да ја подобри благосостојбата и менталното здравје на една личност, да ги елиминира или контролира вознемирувачките симптоми, емоционалните тешкотии или растројствата. Психотерапевтот обезбедува поддржувачка средина, која ви дозволува да зборувате отворено за причините поради кои сметате дека имате потреба од советување или психотерапија. За време на психотерапијата се развива свесност за вашата внатрешна состојба, чувствата, мислите и однесувањето. Психотерапијата ви помага да научите како да одговорите на предизвикувачките ситуации со здрави вештини за справување.

Истражувањата покажуваат дека повеќето лица кои се дел од психотерапевтски процес, доживуваат олеснување на симптомите и се повеќе способни да функционираат во нивното секојдневие. Придобивките исто така вклучуваат помалку здравствени проблеми, зголемено задоволство од работа и пофункционално решавање на релациските проблеми.

Посетете психотерапевт со кој ќе се чувствувате слободно да бидете отворени и искрени, бидејќи и од тоа зависи успешноста на терапијата. Следете го договорениот план со психотерапевтот и работете на задачите и вежбите помеѓу сесиите, доколку терапевтот ви ги дал.

## 4.2 Хормонска терапија

Третманот со **хормонска терапија** е дел од медицинска транзиција во која едно трансродово лице употребува хормони со цел да го приближи своето тело до родот со кој што се идентификува. Хормонската терапија може да игра значајна улога во процесот на физичка и психолошка транзиција на трансродовите лица. Третманот со хормонска терпија е индивидуален, во зависност од целите и можностите на поединецот, односот помеѓу ризикот и придобивката, присуството на други медицински состојби, како и социјалните и економските услови.

## Чекори за отпочнување третман со хормонска терапија

Секое трансродово лице што сака да отпочне со хормонска терапија треба да ги одреди чекорите и можностите за транзиција заедно со медицински тим. Со оглед на тоа дека хормонската терапија за трансродовите жени се разликува од хормонската терапија за трансродовите мажи, се разликуваат и чекорите за отпочнување на третманот со истата.

**Трансродова жена или транс жена** е поим кој може да го користат лица на кои при раѓање им е припишан машки пол, меѓутоа се идентификуваат како жени. Некои од нив преферираат едноставно да бидат нарекувани жени, без дополнителни објаснувања. Најдобро е да кажете и сами да изберете кој термин го преферирате.

### Третман со хормонска терапија кај трансродови жени

За отпочнувањето со хормонската терапија најпрво треба да се обратите кај матичниот лекар кој ве упатува кај психолог/психијатар за наод и мислење. Овој процес е индивидуален и трае во зависност од личната проценка на психијатарот и резултатите од тестовите на психологот. Со добиениот наод, матичниот лекар ве упатува кај интернист кој ве прегледува и потоа ве упатува кај ендокринолог. Ендокринологот ве праќа да направите крвна слика, кариотип и хормонален статус. Врз основ на

резултатите ендокринологот ви ја одредува потребната доза и со извештај од истиот се упатувате кај матичниот лекар за да ви ја препише терапијата. Земањето на хормонската терапија треба да биде под стручен надзор и да се зема согласно пропишаниот начин.

**Трансродов маж или транс маж** е поим кој може да го користат лица, на кои при раѓање им е припишан женски пол, меѓутоа се идентификуваат како мажи. Некои од нив преферираат едноставно да бидат нарекувани мажи, без дополнителни објаснувања. Најдобро е да кажете и сами да изберете кој термин го преферирате.

## Третман со хормонска терапија кај трансродови мажи

За отпочнувањето со хормонската терапија најпрво треба да се обратите кај матичниот лекар кој ве упатува кај психолог/психијатар за наод и мислење. Овој процес е индивидуален и трае во зависност од личната проценка на психијатарот и резултатите од тестовите на психологот. Со добиениот наод, матичниот лекар ве упатува кај гинеколог кој ве прегледува и потоа ве упатува кај ендокринолог. Ендокринологот ве праќа да направите крвна слика, кариотип и хормонален статус. Врз основ на резултатите ендокринологот ви ја одредува потребната доза и со извештај од истиот се упатувате кај матичниот лекар за да ви ја препише терапијата.

## 5. Поддршка од заедницата и корисни контакти

Доколку чувствувате потреба да почнете со некој од чекорите за транзиција и сметате дека сте подготвени да започнете со процесот на транзиција, побарајте совет или искуства од блиски луѓе, контактирајте и разговарајте со други трансродови лица или лица од граѓанските организации кои работат со ЛГБТ заедницата, побарајте поддршка, советување, насока и контакти од професионални стручни лица кои имаат работно искуство со трансродови лица и се сензитивизирани за проблемите и потребите на трансродовите лица.

ТрансФормА е иницијатива на заедница на трансродовите лица која работи на остварување на правата на трансродовите лица и нивно достоинствено претставување, на кои исто така, може да се обратите за совет и препраќање.

Контакт: **transformamk@gmail.com**

**Автори на брошурата:** Предраг Јовановски и Лила Милиќ - ТрансФормА - Иницијатива за заштита и унапредување на правата на трансродовите лица во Република Северна Македонија

**Уредник на брошурата:** Ненад Мицов - Здружение СТАР-СТАР Скопје

Оваа публикација е создадена од Здружението за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје во соработка со ТрансФормА - Иницијатива за заштита и унапредување на правата на трансродовите лица во Република Северна Македонија и издадена во рамки на регионалната програма „Одржливост на услугите за клучни популации во источна Европа и централна Азија“ која ја спроведува Алијансата за јавно здравје во конзорциум со „100 ПРОЦЕНТИ ЖИВОТ“ (Украинска мрежа на лица со ХИВ), Асоцијацијата за ХИВ на Централна Азија и Евроазиската коалиција на клучни популации со поддршка на Глобалниот фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија.

Ставовите изнесени во публикацијата се единствена одговорност на авторите и може да не се совпаѓаат со ставовите и мислењата на Глобалниот фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија.

Глобалниот фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија не учествуваше во координацијата и одобрувањето на непосредниот материјал и можните заклучоци кои произлегуваат од истиот.

ОВАА ПУБЛИКАЦИЈА Е НАМЕНЕТА ЗА БЕСПЛАТНА ДИСТРИБУЦИЈА.

The publication was created by Association for Support of Marginalized Workers STAR-STAR Skopje in collaboration with TransForma – TransFormA – Initiative for Protection and Promotion of Transgender People’s Rights in the Republic of North Macedonia and published within the framework of the regional project called “Sustainability of Services for Key Populations in Eastern Europe and Central Asia”, which is carried out by the Alliance for Public Health, in a consortium with the CO “100 PERCENT LIFE” (All-Ukrainian Network of PLWH), the Central Asian HIV’ Association and the Eurasian Key Populations Coalition with the support of the Global Fund to Fight AIDS, Tuberculosis, and Malaria.

Viewpoints presented herein are solely those of its authors and may not coincide with the views or opinions of the Global Fund to Fight AIDS, Tuberculosis, and Malaria.

The Global Fund to Fight AIDS, Tuberculosis, and Malaria did not take part in the coordination and approval of both the immediate material and the possible conclusions stemming from it.

THIS PUBLICATION IS FOR FREE DISTRIBUTION ONLY.

СТАР ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

TransFormA

#sos_project

Alliance for Public Health

CAAPL Central Asian Association of PLHIV

EURASIAN KEY POPULATIONS COALITION